ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Демократска унија за Интеграција за изборната кампања за предвремените локални избори за градоначалник на Општина Пласница за 2020 година за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година.

**Предмет на ревизија:**

Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

Дел од пропишаните извештаи не се доставени во законски утврдените рокови и вршењето на платниот промет со асигнација не е реализиран преку трансакциската сметка на учесникот во изборната кампања.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.

**Клучни препораки:**

Надлежните органи на политичката партија во иднина да ги изготвуваат и до надлежните органи во законски утврдениот рок да ги доставуваат сите пропишани финансиски извештаи и вршењето на платниот промет со асигнација да го реализираат преку трансакциска сметка.

**Клучни системски слабости:**

Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- неплатени обврски од изборната сметка;
- претставување на социјалните мрежи.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk